ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-4417
23.11.2020 год.

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

од одржаното Годишно Собрание на акционери на
Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје
одржано на ден 12.11.2020 година, во хотел Александар Палас
со почеток во 13:00 часот

Врз основа на член 391-б од Законот за трговските друштва, ставови 4, 5 и 6, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори од менаџментот на Друштвото:

**Под точка 1 од II. Работен дел од Дневен ред – Разгледување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2019 – 31.12.2019 година и Годишниот извештај за работата на Друштвото за 2019 година**

1. **Зошто седницата е закажана на 12.11.2020 година?**

Поради вонредните околности кои настанаа од здравствената криза предизвикана од болеста Ковид-19, некои од роковите кои се неопходни за закажување на Годишно собрание на акционери се пролонгираа, како што е ревизијата на финансиските извештаи за годината што завршува на 31.12.2019 г., извршена од независното ревизорско друштво Deloitte, која отпочна со задоцнување од првично предвидените термини, и се одвиваше со тешкотии и дополнителни пролонгирања поради спроведувањето на неопходните ревизорски постапки online и од далечина. Поради тоа, Мислењето на независните ревизори, кое е задолжителна точка на Годишното собрание, беше објавено со задоцнение од првично планираниот рок, на 27.08.2020 година, по што беше подготвено и свикано истото.

Напоменуваме дека согласно Законот за трговски друштва, член 384, став 1, Годишното собрание го свикува органот на управување не подоцна од 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Имајќи предвид дека последното годишно собрание се одржа на 10.10.2019 година, седницата од 12.11.2020 година е во рамките на рокот наведен во Законот за трговски друштва.

2. **Зошто не е ставена точка на девен ред Извештај за работата на внатрешна ревизија?**

Во однос на прашањето зашто Извештајот за Службата за внатрешна ревизија не е ставен како точка на дневен ред на Собранието, посочуваме дека согласно Законот за трговски друштва, Член 415-б:
(1) Службата за внатрешна ревизија изготвува годишен план за работа што го одобрува органот на надзор, односно согласно Законот за трговски друштва, Член 415-в:
(1) Службата за внатрешна ревизија е должна за своето работење да изработи полугодишен и годишен извештај и да ги достави до органот на надзор и до органот на управување.
Согласно горенаведеното, Полугодишниот извештај на СВР до 30.06.2019 година е одобрен на седница на Надзорен одбор на ден 12.09.2019 година, додека Годишниот извештај на СВР до 31.12.2019 година е одобрен на седница на Надзорен одбор на ден 23.03.2020 година.

3. **Дали земјиштето под објект е на ДС Смитх Скопје?**

Земјиштето под објектот на Друштвото е во сопственост на Република Македонија и за истото поднесено е Барање за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост УП. БР. 26-1716/1 од 26.12.2012 година, Имотен лист бр. 65925 од Агенција за катастар на недвижности.

4. **Дали има опрема надвор од употреба во вредност од 41.330.046 денари и ако има дали може да се продаде?**

Друштвото согласно законските измени за Данокот на добивка, по член 9 а, став 5, ќе бара согласност за признаени расходи по основ на преостанатата сегашна вредност на средствата кои не можат понатаму да се користат, во случај истите да неможе да се продадат.

5. **Зашто погонот сервис хартија работи со загуба и зошто не се затвори?**

Секторот со отпадна хартија во 2019 година работи со загуба. Отпадната хартија е берзански производ, односно продажната цена е диктирана од светските берзанските услови кои не дозволуваа задржување на минатогодшното ниво на приходи. Во 2018 година просецната цена на берза изнесуваше 95,68 еур/тон, а во 2019 година 76,38 еур/тон или во во декември 2019 година просечната месечна цена изнесуваше 52, 63 еур/тон (*извор: Fastmarkets*).

6. **Дали делот амбалажа направила профит од 630.000 евра затоа е пресметан данок од 62.794 евра, меѓутоа делот сервис хартија направила загуба од 244.000 евра, а вкупно фабриката направила околу 386.000 евра бруто добивка, но платен е данок од 62.000 евра, наместо да се плати данок од 38.000 евра?**

Друштвото за 2019 година има пресметано и платено данок на добивка согласно Законот за данок од добивка. Со овој Закон се уредува начинот на оданочување на добивката, стапката по која се пресметува данокот на добивка, даночната основа за пресметување на данокот на добивка, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на данокот на добивка.

7. **На каков тип интелектуални услуги е потрошено 15.700.000 денари?**

Друштвото има платено 6.237 илјди денари, односно 0,75% од приходот на Друштвото, а по основ на договор за интелектуални услуги - Royalty.

8. **Дали друштвото за менаџерски услуги потрошило 26.900.000 денари?**

Друштвото евидентирало за менаџерски услуги 15.758 илјади денари по основ на договор со DS Smith PLC.

9. **Друштвото има побаарувања што не се наплатени од 14.000.000 денари и зошто соработува со клиенти кои доцнат со плаќање?**

Друштвото остварило 16% поголема продажба во 2019 отколку во 2018 год. со услови на наплата од авансно - за нови купувачи до плаќање во валута согласно законски дозволени рокови и регулативи за финансијска дисциплина во земјата. Продажба на стоки на одложено плаќање во услови на зголемена реализација секако доведува до состојба да на крајот на годината се појават зголемен износ на побарувања воопшто па и оние кои се над договорена валута за наплата а согласно финансиска мок на стопанските субјекти. Податок дека во последните 3 месеци од 2019 реализацијата е за повеке од 25% поголема од истиот период во 2018 год доведува до состојба на зголемени побарувања на крај на година споредено со претхоната. Со цел подобрување на наплатата, согласно процедурите на Компанијата, соработката со и наплатата од поголемите купувачи ( над 75% волумен ) е осигурена преку МБПР на РМ.

10. **Зошто оваа година друштвото е во добра состојба за разлика од предходните години?**

Во тековната година остварени се вкупни приходи од продажба 849.605 илјади денари, кој во однос на 2018 е зголемен за 16%. Зголемувањето на приходите

е значително во секторот амбалажа, односно зголемување од 5% од продажба на домашен пазар и 41% од продажба на странски пазар. Една од причините за зголемување на приходите е условено од зголемување на производствените капацитети на Друштвото кое е резултат од инвестициите од предходната година.
Приходите од продажба на отпадна хартија се намалени, диктирани од светските берзанските услови кои не дозволуваа задржување на минатогодшното ниво на приходи.

11. **Врз основа на кој акт е утврдена платата на управниот одброр?**

Платата на лицата на управниот одбор е одредена согласно нивните менеџерски договори.

**Изработено на ден 23.11.2020 година од Управен одбор**

**Олгица Блажева, Претседател на Управен одбор**

**--------------------------**

**Дарко Калчев, Член на Управен одбор**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје

**--------------------------**